Предлагачи:Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT-SHKUP

| Примено / E pranuar | 03. 05. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlerë |
| 08 | 2570/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132,137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за Оперативно - техничка агенција, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Игор Јанушев

Јован Митрески

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно со Законот за Оперативно – техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" број 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19), Оперативно техничката агенција (ОТА) е основана како самостоен и независен државен орган чија надлежност е да обезбедува техничка поврзаност помеѓу операторите и овластените органи.

Оперативно техничката агенција како посредник кој воспоставува технички премин помеѓу операторот и овластените органи, своето дејствување го има заради спроведување на следењето на комуникациите врз основа на судска наредба во согласност со Законот за следење на комуникациите и без технички можности за активирање и снимањето на следените комуникации, ниту пристап до содржината на следената комуникација.

Со Оперативно техничката агенција рководи директор, избран со мандат од пет години. За да биде лице избрано за директор на Оперативно техничката агенција треба да исполнува определени условите предвидени во законот.

Изборот и разрешувањето на директорот го врши Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Директорот се избира со двотретинско мнозинство од вкупниот број на пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

За избор на директор се објавува јавен оглас во најмалку два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Заради овозможување на континуитет во работењето и законско оневозможување на нефункционирање на Оперативно техничката агенција, се предлага измената на овој Предлог на закон.

.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Целта на предлог законот е овозможување на континуитет во функционирањето на Опретивн о- техничката агенција формирана согласно законот, преку која треба да се овозможи реализацијата на препораките на Групата високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015) .

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на Законот нема да предизвика материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Врз основа на членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, предлагаме Собранието да расправа по Предлог на законот за изменување на Законот за Оперативно техничка агенција по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Член 1

Во Законот за Оперативно - техничката агенција („Службен весник на Република Македонија“ број 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), во член 4 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Директорот ја извршува функцијата со мандат од пет години или до избор на нов директор “.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Предлог на законот за изменување на Законот за Оперативно -техничка агенција содржи 2 члена.

Со предложената одредба во членот 1 се овозможува на континуитет во работењето и законски се оневозможува на нефункционирање на Оперативно- техничката агенција.

Членот 2 го уредува влегувањето во сила на предложениот Закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржни во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се овозможи континуитет во работењето и на Оперативно - техничката агенција која како посредник го воспоставува техничкиот премин помеѓу операторот и овластените органи.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

III. РАКОВОДЕЊЕ

Член 4

(1) Со ОТА раководи директор.

(2) Директорот го избира и разрешува Собранието на Република Македонија, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(3) За избор на директор се објавува јавен оглас во најмалку два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Мандатот на директорот изнесува пет години, без право на повторен избор